УДК. 159. 942. 5 : 355. 01.

Илина ТОДОРОВА

# ВОЕНАТА СТВАРНОСТ КАКО ИНТЕНЗИВНА СТРЕССИТУАЦИЈА

**- истражување -**

Како обичните граѓани ја доживуваат перманентната изложеност на воената стварност во нашата близина? Како го доживуваат постојаниот раскол меѓу политичките и човечните "решенија" на најсуштвеното од сите прашања што го засега секој жив вид - она за егзистенцијата на неговите единки. Како се чувствуваат оние кои не се ниту политичари, ниту воени актери, туку обични млади луѓе од нашето секојдневие, луѓе кои мошне лесно би можеле да станат жртви во евентуалниот воен виор на некои безумни протагонисти?

Доживувањето претставува психичка појава на спој, преклопување или судир меѓу два спротивни пола на единствениот континуум на стварноста - субјективниот и објективниот. На едната страна е светот или феноменот што се доживува, а на другата е оној кој доживува, личноста која егзистира и партиципира во реалноста. Комуникацијата меѓу двата пола е многу повеќе од проста сума информации. Од аспект на личноста тоа е нешто повеќе од збир сензации, идеи, мисли и чувства. Се работи, всушност, за доживување на суштината, доживување во кое личноста учествува комплетно, со сета севкупност на дотогашни свесни и несвесни искуства.

Така, доживувањето претставува феномен што стимулативно се одвива на три нивоа: физичко и физиолошко ниво - прием и акумулација на податоците; когнитивно - свесно ниво - осознавање на фактите и искуствата, и; потсвесно и предсвесно ниво - одвивање мистериозни имплицитни процеси со кои се врши синтеза на фактите и искуствата. Во текот на овие три нивоа или фази појавата која се доживува се обликува и "расте" флуидно претопувајќи се од степенот на наслутување и прекогниција до определена форма во свесноста.

Објективно гледано, војната претставува "вооружена борба на држави, сојузи на држави или народи... или борба во рамките на еден народ, граѓанска војна меѓу политички партии или етнички целини ... настојување по пат на груби средства и насилство да се остварат целите....". Пропратна појава на секоја вооружена борба мошне често е и психолошка војна која подразбира "збир активности во чија основа

лежи политиката на притисок, заканување ... при што целите се политички, економски или воени, додека самите активности може да се одвиваат како во услови на војна со таа земја, така и во услови на мир со неа. Се работи за постојано наметнување на својот интерес и логика при што се користат подметнувања, уценувања ...".

Субјективно гледано, воената стварност, потенцијална или можна, остварена или остварлива претставува специфична стрес ситуација со многу непредвидливи и неочекувани околности, помалку или повеќе драстични и временски неопределени според своето појавување и траење.

Така, објективните блокади во вид на политички, економски или воени спречувања резултираат со субјективни, т.е. психолошки блокади кои секоја личност ги изградува како одбранбен механизам на своето реагирање. Воената стварност претставува помалку или повеќе интензивна стрес ситуација дури и за личноста која поседува мошне стабилни карактеристики. Таа може да е здрава и зрела доследна во своето однесување, нејзините особини да претставуваат мошне кохерентна и организирана целина, па сепак во ваквата ситуација да манифестира емоционална лабилност, страв и несигурност. Секако, интензитетот на овие внатрешни блокади зависи од силата на стрес ситуацијата и сериозноста на конфликтите на кои им е личноста изложена или очекува да им биде изложена.

Воената стварност и закана, со своето перманентно и агресивно присуство, стануваат неминовни придружнички во нашето секојдневие. Постепено и неосетно стануваат дел и од нас самите обликувајќи ги и, за жал, често менувајќи ги и нашите личности. Нашата креативна имагинација, тој мошне продуктивен и плодотворен дел од личноста, богато хранет од бројните катадневни информации, во овој случај се става во служба на непријатните и негативни емоции, кои во борбата со рационалниот дел од умот се закануваат да го нарушат "его - системот".

Човечкото битие претставува био-психолошки и социо-еколошки систем. Организација на психофизички, физиолошки и ментални функции кои се во постојана меѓусебна спрега како во организмот, така и надвор од него, во комуникацијата со околината. Внатрешните особености еволуираат и се појавуваат во околината, но и самата околина според принципот на реципроцитет интензивно се пројавува во организмот. Односите се во вид на feedback контролата - промените од едната страна се резултат од промените, кои самите ги резултирале на другата страна. Така, кога барањата, или поточно, оптоварувањата од страна на околината, за подолг временски период ќе ги надминат нормалните граници, доаѓа до пореметување на рамнотежата на целиот био-психолошки и социо-еколошки систем наречен човечко битие, па неговата адаптибилна моќ се нарушува. Притоа сите фактори што неповолно влијаат вршат улога на "стресори" заради што тој запаѓа во состојба наречена "стрес". Психолошкиот стрес се

дефинира како "резултат од односот помеѓу личноста и околината, при што личноста верува дека ситуацијата ја надминува и ѝ се заканува на нејзината способност за прилагодување" (Wade C., Tavris C., 1993, p.120). Стресот ја преплавува комлетната личност, нејзината биолошка, психолошка, бихејвиорална и социјална сфера. Стравовите, фрустрациите и конфликтите, од кои во современиот и динамичен свет човекот и вообичаено не е поштеден, во состојба на стрес добиваат трауматски димензии. Уште повеќе, доколку е вонредната или катастрофична ситуација општа и заедничка, стресот може да се појави не само како индивидуална туку и како колективна реакција.

## Истражување

Со цел да одговориме на прашањата поставени во воведот спроведовме едно мошне едноставно истражување користејќи го методот на асоцијации, кој во психологијата е познат како соодветен за испитување на доживувањата што луѓето ги имаат во однос на ним блиски феномени или ситуации. Конкретно, од испитаниците се бара, во времетраење од една минута по изговарањето на зборот "војна" од страна на експериментаторот, да ги запишат "сите нешта што ќе им паднат на ум", слободно, неконтролирано, без цензура и без многу размислување.

Асоцијацијата претставува "функционална поврзаност меѓу психичките појави воспоставена во текот на индивидуалното искуство, така што присуството на едната појава тежнее да го предизвика присуството и на другата" (Тодорова И., 1991, стр.89) Бихејвиористички гледано, едниот член ја има функцијата на дразба а другиот функцијата на одговор /шема С - Р/, додека, психоаналитички гледано, битна е внатрешната природа на врската, која особено се огледа во емоционалното искуство. Според психоаналитичарите во асоцијацијата е присутен "привиден неред" што станува разбирлив и "среден" дури откако ќе се навлезе во динамиката на личноста, а тоа значи, во нејзините длабоки потсвесни механизми.

Всушност, за асоцијациите размислувал уште Аристотел кој толкувајќи го спознанието воочил правилности во редоследот на јавувањето на идеите и ги поставил првите закони за нивно асоцирање: законот на сличност, законот на контраст и законот на допир. Најновото, пак, психолингвистичко објаснување на асоцијациите, поврзаноста меѓу, во овој случај, зборовите, ја објаснува со нивната внатрешна природа, т.е. семантика. Се истакнува дека најбитно за воспоставувањето на асоцијацијата е семантичкото поле на зборот, како и конотативните и денотативните структури на тоа поле, што создаваат можности за најразновидни поврзувања на тој збор со голем број останати. Така, за разлика од голем број претходни толкувања

кои асоцијацијата главно ја објаснуваа со надворешната или формална природа на врската /Аристотел, асоцијационисти, гешталисти, бихејвиористи/, психоаналитичарите и психолингвистите, истакнувајќи ја внатрешната природа на врската, го нагласуваат она што е типично и индивидуално. Покрај когнитивниот /сознаен/ и конативниот /волев/ аспект на асоцијациите тие посебно го нагласуваат емоционалниот, т.е. чувствениот аспект, кој силно влијае врз претходните два, па велат дека асоцијативното поле на зборот е, пред сѐ, определено од емоционалната димензија што тој ја поседува.

Заради тоа асоцијациите наоѓаат голема примена како во класичната така и во модерната психијатрија, при што се претпоставува дека асоцијативниот "неред" е детерминиран од внатрешната психичка состојба на испитаникот, особено за зборови што поседуваат емоционална оптовареност. Со таква намена тестовите на асоцијации прв систематски ги применувал швајцарскиот психолог и психијатарот Карл Густав Јунг (Carl Gustav Jung, 1875-1961) водејќи сметка не само за квалитативниот туку и за квантитативниот аспект на асоцирањето, како и за времетраењето на латентниот период од мигот на слушање до мигот на одговарање.

Денес, голем број асоцијативни тестови се применуваат и во други области освен во психијатријата /општа психологија, развојна психологија, и особено, психолингвистика/, при што се констатираат типични "гроздови" асоцијации соодветни за определени категории испитаници /според возраст, ниво на образование, степен на интелигенција, структура на личност итн./. Обидувајќи се да ги откријат општите правилности во јазичното однесување психолингвистите создаваат специфични асоцијативни фреквенциски реченици.

Базичниот дел од нашето истражување е спроведен во 1992 година, во времето по завршувањето на војната во Хрватска и непосредно пред започнувањето на војната во Босна и Херцеговина. За жал, продолжувањето и интензивирањето на војувањето ни овозможија повторно да се навратиме на оваа тема, така што во 1994 година извршивме "блиц" ретестирање заради компарација на резултатите. Во базичното истражување учествуваа вкупно 370 испитаници од Република Македонија, млади луѓе од различни возрасни групации /10, 14, 18 и 20-22 год./, од женски и машки пол и од градска и селска средина. Во "блиц" истражувањето од 1994 г. учествуваа само испитаници на возраст од 20-22 г., од женски и машки пол, студенти на Филозофскиот факултет во Скопје, вкупно 88.

**Резултати и анализа**

Прво детално ќе ги анализираме резултатите добиени во истражувањето од 1992 год.

На зборот"војна" добивме мошне голем број најразновидни асоцијации, вкупно 1972. Значи, земајќи ги предвид и испитаниците

од најмала возраст, кои, нормално, поради поспорото пишување имаа помал број асоцијации, секој од нашите испитаници напиша просечно по пет "нешта" што му паднаа на ум. Женските имаа повеќе асоцијации од машките /58,5% за женски и 41,5% за машки/; испитаниците од град значително повеќе од испитаниците од село / просечно по 6 асоцијации на испитаник од градска и 3 асоцијации на испитаник од селска средина/; а, најмладите испитаници од 10 години имаа значително помал број асоцијации од оној на испитаниците од останатите возрасни групи /просечно по3 асоцијации на испитаник од 10-годишна возраст и по 6 асоцијации на оној од останатите повозрасни категории/.




Сл.1. Процентуален однос на бројот на асоцијациите кај испитаниците од женски и машки пол




Сл.2. Процентуален однос на бројот на асоцијациите кај испитаниците од различна возраст

Најинтересни согледувања беа добиени со квалитативната анализа на манифестираните асоцијации.

Во прилог бр.1. е претставен фреквенцискиот речник на асоцијациите според нивниот азбучен редослед. Заради полесното

согледување различните видови зборови се групирани во семантички кластери, а резултатите добиени од таквата анализа се прикажани на Сл.3.

| Ранг /асоцијации | Број | Процент | Асоцијации | Број | Процент |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.смрт, мртви, трупови | 151 | 7,66 | 11.глад, гладување | 39 | 1,98 |
| 2.крв, крвопролевање | 116 | 5,88 | 12.ужас | 38 | 1,93 |
| 3.убиство, убивање | 102 | 5.17 | 13.плач, плачење | 34 | 1,72 |
| 4.страв, страшно | 84 | 4,26 | 14.лошо | 32 | 1,62 |
| 5.пушка, пушки | 57 | 2,89 | 15.борба/и/, битка | 32 | 1,62 |
| 6.оружје | 54 | 2,74 | 16.сиромаштија, сиромаси | 31 | 1,57 |
| 7.рушење, урушевини | 53 | 2,69 | 17.тенк, тенкови | 30 | 1,57 |
| 8.жртва, жртви | 53 | 2,69 | 18.бомби | 27 | 1,37 |
| 9.страдање | 43 | 2,18 | 19.војник, војници | 24 | 1,22 |
| 10.болест, болести | 43 | 2,18 | 20.ранет, ранети | 24 | 1,22 |
| | | | 21.мир | 24 | 1,22 |

Сл.3. Зачестеност во јавувањето на асоцијациите според семантичките кластери. (Само за првите дваесеттина според рангот за 1992 г.)

Бидејќи на овој начин беа добиени огромен број семантички кластери, заради полесна статистичка обработка во која ќе бидат опфатени целокупниот број асоцијации истите беа групирани во различни категории со оглед на нивното психолошко значење. На тој начин беа добиени 14 категории зборови /Сл.4./.

| Категорија | Процент на застапеност 1992 г. | 1994 г. | Најчести асоцијации |
|---|---|---|---|
| 1. емоционални состојби /непријатни/ | 16,53 | 19,47 | страв, стрес, тага, очај, ужас, омраза, злоба, плач......... |
| 2. оружје-борба | 15,67 | 11,79 | пушки, оружје, бомби, тенкови, борба, пукање, куршуми......... |
| 3. смрт-умирање | 12,02 | 87,74 | смрт, жртви, мртви, трупови.......... |
| 4. насилство | 11,11 | 8,80 | убивање, мачење, колеж, терор, бесење, масакрирање........... |
| 5. крв-ранување болест | 10,70 | 10,33 | крв, крвопролевање, ранети, рана, болни.. |
| 6. рушење-уништување | 9,33 | 7,02 | разурнување, рушење, рушевини, пожар, палежи, бомбардирање........... |
| 7. глад-сиромаштија | 5,93 | 6,09 | сиромаштија, глад, беда, луѓе без покрив.. |
| 8. надеж | 3,60 | 1,19 | мир, слобода, победа....... |
| 9. војска | 3,30 | 5,16 | војска, војници, униформи......... |
| 10. хаос-анархија | 2,69 | 1,85 | хаос, безредие, лудост, хистерија, ненормал...... |
| 11. бегство-криење | 1,77 | 0,93 | бегање, бегалци, прогон, сирени, скривници......... |
| 12. географски поими | 1,77 | 3,71 | Босна, Хрватска, Србија, Сомалија.... |
| 13. останати | 4,31 | 13,9 | |
| 1.НОБ | 1,7 | 0 | НОБ, АВНОЈ, АСНОМ,Тито...... |
| 2.политика | 0,4 | 3,05 | политика, политичар, комунизам, национализ. ОНО ТВ вести, УН, КЕБС, УНПРОФОР........ |
| 3. невреме | 1,1 | 1,06 | невреме, магла, облаци, зима, снег, кал.. |
| 4./литературни/дела и автори | 0,3 | 0,26 | "Војна и мир", Ремарк, Фром, Спилберг.. |
| 5. црнила | 0,3 | 1,06 | Црно, ноќ, темнина, сиво, СИВИЛО... |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6. автократија | 0,1 | 0,40 | Хитлер, Садам Хусеин, Милошевиќ... |
| 7. животни | 0,1 | 0,13 | ѕвер, тигар, гавран...... |
| 8. црна берза | 0,1 | 0 | црна берза, дрога..... |
| 9. ладна војна | 0,1 | 0,66 | ладна војна, економска блокада, изолација........ |
| 10. тело и делови од | 0 | 0,53 | коса, око, глава, тело....... човечко тело |
| 11. човек-луѓе | 0,8 | 3,84 | луѓе, човек, мајки, жени, деца...... |
| 14.неопределени | 1,27 | 2,91 | бескрај, мисли, сешто, зошто, идеја...... |

Сл.4 Различни категории асоцијации со оглед на нивното психолошко значење.за 92. и 94 година




Сл.5 Графички приказ на различните категории асоцијации со оглед на нивното психолошко значење, за сите испитаници.




Сл. 6.Графички приказ на различните категории асоцијации со оглед на нивното психолошко значење, според половата припадностна испитаниците.




Сл. 7. Графички приказ на различните категории асоцијации со оглед на нивното психолошко значење, поединечно за испитаниците од градска и испитаниците од селска средина




Сл. 8. Графички приказ на различните категории асоцијации со оглед на нивното психолошко значење, за различните возрасни групи испитаници.

## Дискусија

Резултатите на сите графикони и табели јасно покажуваат дека сите наши испитаници, без оглед на половата припадност, возраста, како и местоживеењето /село-град/ војната ја доживуваат како интензивна стрес ситуација. Тоа пред сé се огледа во емоционалната сфера /прв ранг според зачестеност на асоцијациите/, во која се присутни изразито непријатни чувства - страв, стрес, тага, очај, ужас, страдање, омраза, злоба, плач... Притоа јасно се забележува градација во афективниот интензитет: од оние со поумерен /тага, страв, плач/, преку оние со нешто посилен /омраза, злоба/, па сé до оние со најсилен

интензитет /ужас, очај/. Истото може да се каже и за асоцијациите во рамките на когнитивната, како и за оние во рамките на конативната сфера: од оние со понизок степен на негативна конотација /пукање, болни, сиромашни, бегање/, преку оние со нешто повисок / ранети, рушење/ па сé до оние со највисок степен /смрт, трупови, масакрирање, колеж, апсурд, хаос, идиоти, кретени/. За да ја разрешат или барем прикријат ваквата мошне интензивна непријатност сите наши испитаници користат огромен број рационални или ирационални механизми на одбрана, зашто во средината таква каква што е - мора да се живее.

Се забележува непостоење на ниту една асоцијација која би се однесувала на отпор, спротиставување или контранапад. Дали е тоа одраз на менталитетот изградуван со генерации во колективното несвесно, израз на кооперативност, неагресивност и миролјубивост, како резултат од желбата за космополитизам, или пак сведоштво за една помасовна интроекција на основните начела на постоечката званична политика? Во врска со ова можеме да го поврземе и фактот што 1992 г. не се појавува ниту една асоцијација на името на било кој од водачите на главните воени протагонисти. Не би можело да се каже дека е ова затоа што во 1992 година тие сеуште им биле недоволно познати на луѓето, затоа средствата за јавно информирање во тоа време им посветуваат значително поголемо внимание. Исто така, не би можело да се каже дека во тоа време луѓето во Македонија сеуште не изградиле свој однос и став кон нив, затоа од умот токму на нашите испитаници излегоа асоцијациите како "ненормални", "идиоти", "кретени" и слично.

Интересно е податоците презентирани во претходниот пасус да ги споредиме со оние добиени од испитаници од другите центри во бившите југословенски републики зашто тогаш, во 1992 година, едно такво истражување сеуште можеше да се направи/ од Љубљана, Загреб, Сараево и Белград/. Во споредба со нив нашите испитаници манифестираа најголем број асоцијации во категоријата смрт-умирање и во категоријата на поими што војната ја осудуваат како "бесмислица", "лудост" и "апсурд". Испитаниците од Сараево, во мигот кога војната "чукаше пред нивните врати" во споредба со испитаниците од другите републики имаа најголем број асоцијации во категоријата на негативни емоции и негативни ситуации; оние од Љубљана имаа најголем број асоцијации во врска со "оружје", "борба", "војници", "имиња" и - позитивни емоции /во тоа време Словенците однесоа победа/; оние од Загреб имаа најголем број асоцијации во категоријата насилство; додека оние од Белград имаа забележително помал број асоцијации од останатите испитаници, при што асоцијациите на осуда на војната како глупост и бесмислица беа најмалубројни /Печјак В. 1992/.

Интересна дискусија може да се води со оглед на резултатите добиени за поедините групи испитаници: машки и женски, оние од градска и оние од селска средина како и оние од различна возраст.

Квантитативната анализа покажува дека женските имаат значително поголем број асоцијации од машките, но квалитативната анализа не покажува дека нивните асоцијации содржински значајно се разликуваат. Во поглед на најголемиот број категории трендот е скоро идентичен и кај едните и кај другите, освен што машките војната повеќе ја доживуваат како насилство и хаос, но и како надеж за некоја подобра иднина, а женските повеќе како крвопролевање и ранување. Непријатните емоционални асоцијации се скоро подеднакво најинтензивни и кај едните и кај другите што јасно зборува против предрасудата за машката емоционална издржливост и помала чувствителност. Значи, без оглед на тоа дали очекуваат активно учество или непосредна изложеност во која евентуалната војна /машките/, или пак, релативно пасивен однос и посредна изложеност на опасностите /женските/, и едните и другите војната ја доживуваат како мошне интензивна стрес ситуација. Тоа што кај женските има значително поголем број асоцијации, општо гледано, и, тоа посебно од типот во врска со крв, крвопролевање и ранување можеби зборува за нешто побујна и жива имагинација кај нив, што е констатирана и во друг тип истражувања. Така, Фориша (Forisha B., 1978) покажува дека креативната способност кај жените е поврзана со нивниот висок степен за имагинација.

Што се однесува до категориите испитаници од селска и градска средина покрај големиот број идентични појавувања како во поглед на содржината така и во поглед на бројноста на определени категории асоцијации, беа забележани и значителни разлики. Тоа, пред сé, се однесува на самиот број на асоцијации - оние од селска средина имаа за двапати помал број асоцијации од оние од градската. Ова веројатно не се должи на некои подлабоки и суштински разлики меѓу нув, туку повеќе на формалните - образовниот профил како и несоодветноста на самата техника. Суштинските разлики се забележуваат во поглед на содржината на доминантните асоцијации. Испитаниците од селската средина значително поинтензивно ја доживуваат војната како насилство, убивање, мачење, колеж... и како глад, сиромаштија и беда. Дали тоа покажува дека тие чувствуваат поголем ризик и помала можност за снаоѓање во смисла на задоволување на егзистенцијалните потреби или пак можно бегство? Веројатноста за бегство од насилствата секако е далеку поголема за жителите на градот, заради приоритетите во транспортот, меѓународната помош и организацијата на евакуирањето. Но, проблемот со прехранувањето е далеку поприсутен во градовите, што мошне евидентно се покажа на подрачјата зафатени од војни или воени блокади.

Испитаниците од село, исто така, значително повеќе ја асоцираат војната со надеж за подобар живот, слобода, мир и богатство. Бројот на овие нивни асоцијации со сличните од страна на испитаниците од градот е дури за пет пати поголем /11,77% спрема

2,29%/. Не претставува ли тоа вид нивна рационализација за незадоволството со мошне тешкиот и напорен живот без соодветна компензација?

Анализата на асоцијациите што ги манифестираат испитаниците од различните возрасти покажува дека постои тренд на зголемување на разликите, како во квантитет, така и во квалитет, со зголемувањето на разликите на возраста. Пред сé, најмалите испитаници /од 10 години/ имаат два пати помалку асоцијации од повозрасните /3 спрема 6/, што повторно, може да се должи на несоодветноста на оваа техника токму за нив, заради спорото пишување /како и кај испитаниците од село/.

Инаку, квалитативните разлики меѓу возрастите се највидливи во категориите непријатни емоции и надеж, кои се далеку најприсутни кај најмладите. Најмладите најдрастично ја доживуваат војната како стрес ситуација. Тие и онака постојано ја чувствуваат својата беспомошност во светот на возрасните, "големите и силните", па кога во нив ќе изгубат доверба, чувството на немоќ и безизлезност добива катастрофични и трауматски димензии. Притоа, мошне често, како единствена можност го избираат бегството од реалноста, кое може да биде помалку или повеќе патолошко. /Процентот на асоцијации од типот на непријатни емоции кај малите е највисокиот резултат што воопшто е добиен во истражувањето./ Се забележува повторно, како и кај испитаниците од селската средина, и кај најмалите присуство на одбранбениот механизам на рационализација. Тие се надеваат дека војната можеби ќе донесе мир, слобода и поубав живот.

Овие мислења се надополнуваат со констатации за спротивни состојби кај повозрасните испитаници, кои војната повеќе ја доживуваат како борба-оружје чувствувајќи ја веројатно можноста за извесен свој активитет во таквата ситуација која сепак им нуди можни алтернативи на однесување.

Споредувањата на резултатите од истражувањето спроведено во 1992 г. со оние од истражувањето во 1994 год. можат да се вршат само во ограничени рамки. Второто истражување беше спроведено само со една категорија испитаници /студенти од Скопје/, кои не претставуваат репрезентативен примерок сличен на претходниот, па било какви подетални споредувања би биле несоодветни. Токму затоа, целта на "блиц" истражувањето во 1994 г. беше доколку е можно, само да ги открие евентуалните насоки на извесни промени со оглед на поинаквата воено-политичка стварност како во земјата така и надвор. Студентите /во 1994 г./ имаа вкупно 755 асоцијации, што просечно изнесува по 8,6 на секој, кои главно се вклопија во категориите добиени во претходното истражување, но имаше и наполно нови. Во фреквенцискиот речник во прилогот е даден списокот на целокупниот број асоцијации и во двете истражувања.

Се забележува значително поголемо присуство на асоцијации кои ги изразуваат непријатните емоционални состојби /страв, стрес,

тага, очај, ужас....; 19,47% спрема 16,53%/; помал број асоцијации од категориите оружје-борба, смрт-умирање, насилство и уништување. Интересно е тоа што во истражувањето од 1994 год. не се појавува ниту една асоцијација во врска со НОБ, додека се појавуваат значително поголем број асоцијации во врска со конкретното воено-политичко ангажирање за воспоставување мир во регионот.

Како резултат на интензивирањето на воените дејствија во Босна, забележителен е значително поголемиот број асоцијации во врска со ова географско подрачје, но како мошне значаен го сметаме фактот на значително поголем број асоцијации во врска со самиот човек /човек, луѓе, мајки, жени, деца/. Тоа секако би можело да значи дека, со промената и текот на околностите, луѓето /младите/, на некој начин, како да заземаат сѐ пореалистички став кон воената стварност, чувствувајќи ја помалку интензивно нејзината непосредна опасност /смрт, убивање, оружје, разурнување - со понизок процент асоцијации/ а поинтензивно својот став на одбивност и непријатност кон неа. Веројатно, потпирајќи се во конкретните политички ангажирања /категорија 13,2/, нивната ориентација е помалку од типот на сентименталност и надеж /1992 г./, а повеќе реално се поврзува со главниот актер на нашата катадневна живеачка - човекот /3,84% спрема 0,8%/ . Дали тоа значи дека нашиот /млад/ човек сѐ повеќе се откажува од мазохизмот - како неопходен модел за изградба на иден поубав живот, а сѐ повеќе ги прифаќа космополитизмот и кооперацијата?

ПРИЛОГ

Табела 1.

Листа на асоцијации според азбучниот редослед и фрекфенцијата на нивното јавување,во истражувањата од 1992 и 1994 г.

| ред. број | асоцијација | фрекфенција 1992 ф | % | 1994 ф. | % |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | авиони | 17 | 0,86 | 6 | 0,79 |
| 2. | Авганистан | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 3. | АВНОЈ | 0 | 0,40 | 0 | 0 |
| 4. | Америка-нци | 1 | 0,05 | 3 | 0,40 |
| 5. | анархија | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 6. | апсурд | 3 | 0,15 | 1 | 0,13 |
| 7. | апокалипса | 1 | 0,05 | 1 | 0,13 |
| 8. | армија | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 9. | АСНОМ | 9 | 0,46 | 0 | 0 |
| 10. | атомска бомба оружје | 0 | 0 | 2 | 0,26 |
| 11. | баба ми | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 12. | Балканскицентар | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 13. | бајонет | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 14. | Бата Живоиновиќ | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 15. | бегање, бегство | 2 | 0,10 | 3 | 0,40 |
| 16. | бегалци | 2 | 0,10 | 0 | 0 |
| 17. | беда | 5 | 0,25 | 5 | 0,66 |
| 18. | без: вода, дом... покрив над глава | 7 | 0,35 | 4 | 0,53 |

| ред. број | асоцијација | фрекфенција 1992 ф | % | 1994 ф | % |
|---|---|---|---|---|---|
| 19. | безнадежност | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 20. | безредие | 2 | 0,10 | 3 | 0,40 |
| 21. | безумие | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 22. | безмилост | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 23. | бес | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 24. | бескрај | 1 | 0.05 | 0 | 0 |
| 25. | Белград | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 26. | беси, бесење | 8 | 0,40 | 0 | 0 |
| 27. | бесмислено | 2 | 0,10 | 0 | 0 |
| 28. | беспарица | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 29. | богатство | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 30. | бојно поле | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 31. | бол, болно, болка | 15 | 0,76 | 5 | 0,66 |
| 32. | болест-болни | 33 | 0,67 | 13 | 1,72 |
| 33. | болница,-ци,-чари | 9 | 0,46 | 2 | 0,26 |
| 34. | бомба,-и, бомбардирање | 40 | 2,03 | 11 | 1,46 |
| 35. | борба,-и, битка | 32 | 1,62 | 2 | 0,26 |
| 36. | борец,-ци | 3 | 0,15 | 1 | 0,13 |
| 37. | боси | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 38. | Босна | 0 | 0 | 17 | 2,25 |

| ред. број | асоцијација | фрекфенција 1992 ф | % | 1994 ф. | % |
|---|---|---|---|---|---|
| 39. | Босна и Херцеговина | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 40. | братство,брат | 0 | 0 | 2 | 0,26 |
| 41. | братоубиство | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 42. | бранови | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 43. | брод | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 44. | брич | 1 | 0.05 | 0 | 0 |
| 45. | бункер | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 46. | бучава, -но | 3 | 0,15 | 2 | 0,26 |
| 47. | вдовици | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 48. | верување во слоб. | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 49. | берба во себе -губење | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 50. | вечност | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 51. | ВељкоБулаиќ | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 52. | виколници | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 53. | Виетнам | 3 | 0,15 | 1 | 0,13 |
| 54. | влага | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 55. | вода | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 56. | водачи | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 57. | вознемиреност | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 58. | војсководци | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 59. | војска | 4 | 0,20 | 2 | 0,26 |
| 60. | војник,-ци | 24 | 1,22 | 15 | 1,99 |
| 61. | "Војна и мир" | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 62. | востание | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 63. | work-shop | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 64. | врисоци | 1 | 0,05 | 1 | 0,13 |
| 65. | Втора св. војна | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 66. | Вуковар | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 67. | гавран | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 68. | генерали | 0 | 0 | 2 | 0,26 |
| 69. | гинење,млади | 3 | 0,15 | 4 | 0,53 |
| 70. | глад, гладување гладни деца | 39 | 1,98 | 16 | 2,12 |
| 71. | глупост, глупаци | 6 | 0,30 | 3 | 0,40 |
| 72. | глави | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 73. | гниење | 4 | 0,20 | 0 | 0 |
| 74. | гнев | 1 | 1 | 0 | 0 |
| 75. | говори | 1 | 1 | 0 | 0 |
| 76. | голи | 1 | 1 | 0 | 0 |
| 77. | голема | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 78. | Горажде | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 79. | грабеж,-и | 3 | 0,15 | 0 | 0 |
| 80. | град | 0 | 0 | 3 | 0,40 |
| 81. | граници | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 82. | граната | 6 | 0,30 | 0 | 0 |
| 83. | грдо | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 84. | грев | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 85. | гроб,гробници | 2 | 0,10 | 2 | 0,26 |
| 86. | грозна, -ни | 2 | 0,10 | 2 | 0,26 |
| 87. | губиток | 2 | 0,10 | 0 | 0 |
| 88. | дедо ми | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 89. | депресија | 1 | 0,05 | 1 | 0,13 |
| 90. | деструктивност | 0 | 0 | 2 | 0,26 |
| 91. | дете,-ца,детство | 5 | 0,25 | 12 | 1,59 |
| 92. | деца без родители | 3 | 0,15 | 1 | 0,13 |
| 93. | диверзии | 2 | 0,10 | 0 | 0 |
| 94. | дим | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 95. | дивљаци | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 96. | дом | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 97. | доктори | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 98. | дожд | 2 | 0,10 | 1 | 0,13 |
| 99. | драго | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 100. | дрво | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 101. | дрога | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 102. | Дунав | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 103. | Дубровник | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 104. | дупка | 0 | 0 | 2 | 0,26 |
| 105. | евакуирање | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 106. | експлозија,-ии | 6 | 0,30 | 1 | 0,13 |
| 107. | економска блокада | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 108. | економика | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 109. | Ерих М. Ремарк | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 110. | жал,жалост | 8 | 0,40 | 2 | 0,26 |
| 111. | жагор | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 112. | жед | 3 | 0,15 | 1 | 0,13 |
| 113. | жени | 1 | 0,05 | 1 | 0,13 |
| 114. | жестоко | 3 | 0,15 | 0 | 0 |
| 115. | жетва | 2 | 0,10 | 0 | 0 |
| 116. | животи | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 117. | жртва,-ви | 53 | 2,84 | 14 | 1,85 |
| 118. | заблуда | 1 | 0,05 | 2 | 0,26 |
| 119. | завои | 1 | 0,05 | 1 | 0,13 |
| 120. | загуба на пријател | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 121. | загинати | 6 | 0,30 | 1 | 0,13 |
| 122. | загриженост | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 123. | заграбување | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 124. | заклани, војници луѓе невини | 2 | 0,10 | 0 | 0 |
| 125. | залив | 2 | 0,10 | 0 | 0 |
| 126. | затвор | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 127. | затвореност | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 128. | зависи за кој | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 129. | збег | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 130. | ѕвер, ѕверство | 2 | 0,10 | 0 | 0 |
| 131. | зграда | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 132. | зелено | 2 | 0,10 | 3 | 0,40 |
| 133. | земја | 1 | 0,05 | 1 | 0,13 |
| 134. | земјотрес | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 135. | зима | 2 | 0,10 | 1 | 0,13 |
| 136. | злобно | 12 | 0,60 | 0 | 0 |
| 137. | злочин | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 138. | зло,злосторство | 3 | 0,15 | 5 | 0,66 |
| 139. | знамиња | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 140. | зошто | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 141. | ИбеПаликуќа | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 142. | идиоти,-изам | 2 | 0,10 | 1 | 0,13 |
| 143. | идеја | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 144. | иднина, немање иднина | 1 | 0,05 | 1 | 0,13 |
| 145. | изгорени куќи | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 146. | изнемоштени | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 147. | изолираност | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 148. | изурнати градови | 2 | 0,10 | 0 | 0 |
| 149. | изгубено | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 150. | инвалиди | 1 | 0,05 | 3 | 0,40 |
| 151. | интерес,-и,туѓи | 1 | 0,05 | 1 | 0,13 |
| 152. | иска спасение тела | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 153. | испитување | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 154. | исцрпувачка | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 155. | иселување | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 156. | исток | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 157. | јама | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 158. | јауци | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 159. | јасно | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 160. | Југославија | 1 | 0,05 | 1 | 0,13 |
| 161. | камен | 0 | 0 | 1 | 0,13 |

| ред. број | асоцијација | фрекфенција 1992 ф | % | 1994 ф. | % |
|---|---|---|---|---|---|
| 162. | казна | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 163. | кал | 2 | 0,10 | 1 | 0,13 |
| 164. | капа | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 165. | капитулација | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 166. | капетан | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 167. | касарна | 3 | 0,15 | 1 | 0,13 |
| 168. | катастрофа | 3 | 0,15 | 0 | 0 |
| 169. | КЕБС | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 170. | ковчег | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 171. | колежње | 12 | 0,60 | 2 | 0,26 |
| 172. | колони | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 173. | команда | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 174. | командос | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 175. | комунизам | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 176. | конц.логори | 2 | 0,10 | 0 | 0 |
| 177. | Кореа | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 178. | коса | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 179. | крадење | 2 | 0,10 | 2 | 0,26 |
| 180. | крв,-ваво,-авење | 116 | 5,88 | 35 | 4,64 |
| 181. | кретени | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 182. | криење | 2 | 0,10 | 1 | 0,13 |
| 183. | крст | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 184. | куршум,-и | 10 | 0,51 | 2 | 0,26 |
| 185. | куц | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 186. | караници | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 187. | лага | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 188. | ладно | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 189. | ладна војна | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 190. | лелек | 4 | 0,20 | 0 | 0 |
| 191. | лето | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 192. | лешеви | 3 | 0,15 | 1 | 0,13 |
| 193. | логор | 2 | 0,10 | 1 | 0,13 |
| 194. | Лорд Овен | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 195. | лошо,-тија | 32 | 1,62 | 6 | 0,79 |
| 196. | луѓе | 7 | 0,35 | 2 | 0,26 |
| 197. | лудост,-и,-ило | 4 | 0,20 | 3 | 0,40 |
| 198. | љубов | 4 | 0,20 | 1 | 0,13 |
| 199. | мајка и дете мртви | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 200. | мајки | 3 | 0,15 | 1 | 0,13 |
| 201. | мака, мачно | 7 | 0,35 | 0 | 0 |
| 202. | малтретирање | 1 | 0,05 | 1 | 0,13 |
| 203. | манијаци | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 204. | марш | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 205. | масакрирање | 5 | 0,25 | 5 | 0,66 |
| 206. | масовни убиства | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 207. | маслинесто | 2 | 0,10 | 0 | 0 |
| 208. | мачење | 24 | 1,21 | 3 | 0,40 |
| 209. | метак | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 210. | метал | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 211. | мисли | 1 | 0,05 | 1 | 0,13 |
| 212. | мир | 24 | 1,22 | 3 | 0,40 |
| 213. | мирисна крв | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 214. | мирисна барут | 2 | 0,10 | 0 | 0 |
| 215. | мирни | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 216. | митралез | 2 | 0,10 | 0 | 0 |
| 217. | Мирко и Славко | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 218. | мизерија | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 219. | Милошевиќ | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 220. | минско поле | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 221. | мировен договор, сили | 0 | 0 | 2 | 0,26 |
| 222. | младост,-и | 2 | 0,10 | 2 | 0,26 |
| 223. | молење | 2 | 0,10 | 0 | 0 |
| 224. | мрак, мрачно | 6 | 0,30 | 0 | 0 |

| ред. број | асоцијација | фрекфенција 1992 ф | % | 1994 ф. | % |
|---|---|---|---|---|---|
| 225. | мртви, деца, тела, мртовец | 38 | 1,93 | 7 | 0,93 |
| 226. | мрежа | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 227. | муниција | 4 | 0,20 | 4 | 0,53 |
| 228. | магла | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 229. | "На запад ништо ново" | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 230. | напнатост | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 231. | народ | 0 | 0 | 2 | 0,26 |
| 232. | насилство | 5 | 0,25 | 3 | 0,40 |
| 233. | национализам | 1 | 0,05 | 2 | 0,26 |
| 234. | не | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 235. | небо | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 236. | нелуѓе | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 237. | невреме | 2 | 0,10 | 0 | 0 |
| 238. | некрофилија | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 239. | нелогични дејства | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 240. | немаштина | 0 | 0 | 2 | 0,26 |
| 241. | немилост | 4 | 0,20 | 0 | 0 |
| 242. | немоќ | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 243. | неморал | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 244. | немир | 11 | 0,56 | 0 | 0 |
| 245. | ненормалност | 1 | 0,05 | 1 | 0,13 |
| 246. | непотребност | 1 | 0,05 | 1 | 0,13 |
| 247. | неправилен профит | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 248. | независност | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 249. | неизвесност | 1 | 0,05 | 1 | 0,13 |
| 250. | неподносливо | 4 | 0,20 | 0 | 0 |
| 251. | непознат | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 252. | неправда,-и | 2 | 0,10 | 2 | 0,26 |
| 253. | непријатно,-ст | 2 | 0,10 | 3 | 0,40 |
| 254. | непријателство | 2 | 0,10 | 3 | 0,40 |
| 255. | неразумна работа | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 256. | неразбирање за миротворците | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 257. | нервоза | 1 | 0,05 | 4 | 0,53 |
| 258. | неслога | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 259. | неспокој | 2 | 0,10 | 0 | 0 |
| 260. | несреќа | 6 | 0,30 | 6 | 0,79 |
| 261. | нехуманост | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 262. | нечовечност | 1 | 0,05 | 4 | 0,53 |
| 263. | неупотреблив | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 264. | никогаш | 2 | 0,10 | 0 | 0 |
| 265. | нога | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 266. | нож | 1 | 0,05 | 3 | 0,40 |
| 267. | НОБ | 5 | 0,25 | 0 | 0 |
| 268. | нова | 2 | 0,10 | 0 | 0 |
| 269. | носила | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 270. | несопирливост | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 271.. | нуклеарно оружје | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 272. | облаци | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 273. | обесени на жица | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 274. | оган, огнови | 15 | 0,76 | 2 | 0,26 |
| 275. | ограбување | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 276. | одмазда | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 277. | одвратност | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 278. | ожалостени родители | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 279. | око | 0 | 0 | 2 | 0,26 |
| 280. | окупација | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 281. | окупаторска војска | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 282. | омраза | 22 | 1,12 | 6 | 0,79 |
| 283. | ОНО | 0 | 0 | 2 | 0,26 |
| 284. | оружје | 54 | 2,74 | 22 | 2,91 |
| 285. | осакатени луѓе | 1 | 0,05 | 3 | 0,40 |

| ред. број | асоцијација | фрекфенција 1992 ф | % | 1994 ф. | % |
|---|---|---|---|---|---|
| 286. | осаменост | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 287. | освојување | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 288. | Осијек | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 289. | ослободување | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 290. | осуденици | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 291. | офицер | 1 | 0,05 | 1 | 0,13 |
| 292. | очај | 1 | 0,05 | 2 | 0,26 |
| 293. | паднатижртви | 2 | 0,10 | 0 | 0 |
| 294. | падобранец | 3 | 0,15 | 0 | 0 |
| 295. | палење,палежи | 7 | 0,35 | 2 | 0,26 |
| 296. | паника | 2 | 0,10 | 1 | 0,13 |
| 297. | памет(недостаток) | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 298. | пари | 1 | 0,05 | 1 | 0,13 |
| 299. | партизан,-и | 4 | 0,20 | 0 | 0 |
| 300. | патење,патила | 3 | 0,15 | 3 | 0,40 |
| 301. | пепел | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 302. | пекол | 4 | 0,20 | 1 | 0,13 |
| 303. | пискотници | 4 | 0,20 | 3 | 0,40 |
| 304. | пиштол | 6 | 0,30 | 0 | 0 |
| 305. | планини | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 306. | плавци | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 307. | плач,-ење,детски | 28 | 1,42 | 13 | 1,72 |
| 308. | пламен | 4 | 0,20 | 1 | 0,13 |
| 309. | пљачка,-ње | 3 | 0,15 | 0 | 0 |
| 310. | погибија | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 311. | победи | 2 | 0,10 | 0 | 0 |
| 312. | повреда | 4 | 0,20 | 1 | 0,13 |
| 313. | подмуклост | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 314. | подрум | 1 | 0,05 | 1 | 0,13 |
| 315. | пожари | 4 | 0,20 | 2 | 0,26 |
| 316. | позиција | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 317. | покол | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 318. | покварењак | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 319. | поле | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 320. | политика,-чар | 2 | 0,10 | 2 | 0,26 |
| 321. | помош | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 322. | понори | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 323. | поробени | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 324. | потчинети | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 325. | порази | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 326. | прашина | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 327. | ПрлеиТихи | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 328. | прљавштина | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 329. | предавство | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 330. | притисок | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 331. | преговори | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 332. | превласт,престиж | 3 | 0,15 | 1 | 0,13 |
| 333. | прогонство | 4 | 0,20 | 0 | 0 |
| 334. | пропаст | 2 | 0,10 | 1 | 0,13 |
| 335. | просторија | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 336. | пруга | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 337. | психопат | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 338. | пустош,-ење | 4 | 0,20 | 4 | 0,53 |
| 339. | пукање,пукотници | 18 | 0,91 | 4 | 0,53 |
| 340. | пушка,-и | 57 | 2,89 | 20 | 2,65 |
| 341. | рамбовци | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 342. | рана,-и | 3 | 0,15 | 3 | 0,40 |
| 343. | ранет,-и | 12 | 0,61 | 7 | 0,93 |
| 344. | ранливо | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 345. | разделба,разделени семејства | 2 | 0,10 | 0 | 0 |
| 346. | разорено | 2 | 0,10 | 0 | 0 |
| 347. | рафал | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 348. | раце | 1 | 0,05 | 0 | 0 |

| ред. број | асоцијација | фрекфенција 1992 ф | % | 1994 ф. | % |
|---|---|---|---|---|---|
| 349. | разрушеникуќи,градови огништа | 38 | 1,93 | 20 | 2,65 |
| 350. | револуција | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 351.. | резервоари | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 352. | религија | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 353. | река | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 354. | роб,ропство | 8 | 0,40 | 1 | 0,13 |
| 355. | ров,ровови | 10 | 0,50 | 2 | 0,26 |
| 356. | Русија | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 357. | саботажи | 1 | 0,05 | 1 | 0,13 |
| 358. | садизам | 0 | 0 | 2 | 0,26 |
| 359. | Садам Хусеин | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 360. | сакат,-и. | 3 | 0,15 | 0 | 0 |
| 361. | Сараево | 0 | 0 | 3 | 0,40 |
| 362. | СаирусВенс | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 363. | Сомалија | 0 | 0 | 2 | 0,26 |
| 364. | сами | 1 | 0,50 | 0 | 0 |
| 365. | светска | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 366. | свирепиубиства | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 367. | село | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 368. | селидби | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 369. | север | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 370. | сешто | 2 | 0,10 | 0 | 0 |
| 371. | секој го мрази | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 372. | сирени | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 373. | сирак,-ци,-чиња | 10 | 0,50 | 5 | 0,66 |
| 374. | сиромаштија | 30 | 1,52 | 5 | 0,66 |
| 375. | силување,-а | 5 | 0,25 | 4 | 0,53 |
| 376. | син | 1 | 0,01 | 0 | 0 |
| 377. | сивило | 0 | 0 | 2 | 0,26 |
| 378. | сила | 2 | 0,10 | 1 | 0,13 |
| 379. | скривници | 4 | 0,20 | 0 | 0 |
| 380. | скршенпрозорец | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 381. | Словенија | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 382. | слобода | 9 | 0,46 | 2 | 0,26 |
| 383. | смрдеа | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 384. | смрт | 107 | 5,43 | 40 | 5,30 |
| 385. | снег | 2 | 0,10 | 0 | 0 |
| 386. | солзи | 7 | 0,35 | 3 | 0,40 |
| 387. | Сомалија | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 388. | Спилберг | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 389. | срушено | 8 | 0,40 | 0 | 0 |
| 390. | Србија,срби | 3 | 0,15 | 2 | 0,26 |
| 391. | старци | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 392. | стража | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 393. | страдања | 43 | 2,18 | 7 | 0,93 |
| 394. | страв | 69 | 3,50 | 23 | 3,05 |
| 395. | стрес | 3 | 0,15 | 0 | 0 |
| 396. | страшно,-а,стравотии,-но | 15 | 0,76 | 1 | 0,13 |
| 397. | студ, студено | 10 | 0,51 | 2 | 0,26 |
| 398. | тага | 23 | 1,17 | 4 | 0,53 |
| 399. | ТВ, ТВ Дневник | 1 | 0,05 | 2 | 0,26 |
| 400. | тигар | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 401. | тешко,тежина | 3 | 0,15 | 0 | 0 |
| 402. | темно, темнина | 5 | 0,25 | 2 | 0,26 |
| 403. | темели | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 404. | тепање, тепачка | 13 | 0,66 | 0 | 0 |
| 405. | терор | 7 | 0,35 | 1 | 0,13 |
| 406. | тенк, тенкови | 30 | 1,52 | 8 | 1,06 |
| 407. | тежокживот | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 408. | Тито | 3 | 0,15 | 0 | 0 |
| 409. | тела | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 410. | територија | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 411. | Толстој | 1 | 0,05 | 0 | 0 |

| ред. број | асоцијација | фрекфенција 1992 ф | % | 1994 ф. | % | ред. број | асоцијација | фрекфенција 1992 ф | % | 1994 ф. | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 412. | топ,топови | 14 | 0,71 | 2 | 0,26 | 437. | хангар | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 413. | трагедија,-ии | 2 | 0,10 | 2 | 0,26 | 438. | хаос | 5 | 0,25 | 2 | 0,26 |
| 414. | трепет | 1 | 0,05 | 1 | 0,13 | 439. | хемиски отрови | 1 | 0,05 | 1 | 0,13 |
| 415. | тревога | 1 | 0,05 | 0 | 0 | 440. | херои | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 416. | трчање | 0 | 0 | 1 | 0,13 | 441. | хистерија | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 417. | труп,трупови | 9 | 0,46 | 1 | 0,13 | 442. | Хитлер | 1 | 0.05 | 2 | 0,26 |
| 418. | убаво | 1 | 0,05 | 0 | 0 | 443. | Хрватска, хрватски | | | | |
| 419. | убиство, а, -вање | 96 | 4,87 | 22 | 2,91 | | војници | 13 | 0,66 | 1 | 0,13 |
| 420. | убиствено | 3 | 0,15 | 0 | 0 | 444. | чаури | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 421. | убијци | 1 | 0,05 | 1 | 0,13 | 445. | чад | 13 | 0,66 | 1 | 0,13 |
| 422. | убиени,деца | 4 | 0,20 | 1 | 0,13 | 446. | чизма | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 423. | угнетување | 1 | 0,05 | 1 | 0,13 | 447. | човек | 1 | 0,05 | 3 | 0,40 |
| 424. | удар | 1 | 0,05 | 0 | 0 | 448. | чувства | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 425. | умирање | 1 | 0,05 | 0 | 0 | 449. | чудовишта | 0 | 0 | 1 | 0,13 |
| 426. | улави | 1 | 0,05 | 0 | 0 | 450. | цигара | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 427. | улицисолешеви | 1 | 0,05 | 0 | 0 | 451. | црнина | 3 | 0,15 | 0 | 0 |
| 428. | уживање | 1 | 0,05 | 0 | 0 | 452. | црн;облак,живот | 3 | 0,15 | 1 | 0,13 |
| 429. | учас, -и, - сна | 38 | 1,93 | 16 | 2,12 | 453. | црна берза | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 430. | униформи | 6 | 0,30 | 3 | 0,40 | 454. | црнила | 2 | 0,10 | 1 | 0,13 |
| 431. | уништување | 7 | 0,35 | 6 | 0,79 | 455. | црвено | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 432. | УНПРОФОР | 0 | 0 | 6 | 0,79 | 456. | шлем,шлемови | 4 | 0,20 | 5 | 0,66 |
| 433. | уривање | 1 | 0,05 | 1 | 0,13 | 457. | шмајзер | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 434. | урнатини | 13 | 0,66 | 2 | 0,26 | 458. | штаб | 1 | 0,05 | 0 | 0 |
| 435. | УСА | 0 | 0 | 1 | 0,13 | 459. | штета | 4 | 0,20 | 1 | 0,13 |
| 436. | фашисти | 0 | 0 | 1 | 0,13 | 460. | шума | 0 | 0 | 1 | 0,13 |

ЛИТЕРАТУРА


1. Pesjak V. - Free Associations to the world war among nations in former Yugoslavia
2. Тодорова И. - Психологија на општонародната одбрана. Универзитет "Кирил и Методиј", Скопје, 1983
3. Тодорова И. - Македонска психолошка терминологија, МАНУ, Билтен 71-72, Скопје, 1991.
4. Тодорова И. - Психофизичките пореметувања како последица од војната, Одбрана, бр.1 Скопје, 1992.
5. Wade C., Tavris C. - Psychology, Harper Collins, 1993



Ilina TODOROVA


## THE WAR REALITY AS INTENSIVE STRESS SITUATION

(Summary)


The present study represents a theoretical and experimental contribution in treating the problem off free associations to word WAR among young macedonians. The associative teyhnique is used to measure the psychological meaning of the word war, because it is convinient for disclosing the implicit cognitive, emotional and conative components of words.

The study has three objectives:

1. To identify trends of associations between young people in different age groups between men and women, and between people from rural and urban settings.

2. To explore variations comparing the trends.

3. To identify these changes in the period from 1992 till 1994 in which the war reality among nations in former Yugoslavia has intensively been changed.